Анализа на родово-базирани содржини



# Политичарките и медиумската пристрасност

Институт за комуникациски студии

respublica

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica

**Авторки:**
м-р Бојана Јовановска
м-р Сара Миленковска

**Уредник:**
м-р Дејан Андонов

**Лекторка:**
Ружица Пејовиќ

**Графички дизајн:**
Игор Делов

**Графичко уредување:**
Љубен Димановски

**Место и година:**
Скопје, 2024

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска
библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

# СОДРЖИНА


ВОВЕД.......................................................4

МЕТОДОЛОГИЈА.............................................7

РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО
МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИКА..............................9

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: РОДОВО-БАЗИРАНИ НАРАТИВИ
ЗА ВРЕМЕ НА КАМПАЊИТЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И
ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2024 ГОДИНА.............13

ЗАВРШНА ДИСКУСИЈА......................................43

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА...............................46

# Вовед

Според неодамнешната анализа на Економист-разузнавачка единица (Economist Intelligence Unit), во просек 85% од жените на глобално ниво доживеале или биле сведоци на онлајн-насилство, при што најчесто користените тактики вклучуваат дезинформации и клевета, сајбер-вознемирување и говор на омраза.[1] Сето ова придонесува за зголемување на дигиталниот родов јаз, при што како резултат речиси 9 од 10 жени ја ограничуваат својата онлајн-активност, на тој начин ограничувајќи си го пристапот до вработување, образование и здравствена заштита, меѓутоа и учеството во општествените текови.[2] Жените во политиката се особено ранливи на онлајн-насилството поради неопходноста од нивното присуство во онлајн-просторот како дел од нивните професионални ангажмани, особено за време на изборните периоди.

Родово-базираното насилство го поткопува учеството на жените во политиката преку влевање страв и заплашување, создавајќи бариери за пристап и учество, влијаејќи на менталното здравје и благосостојбата на жените и ограничувајќи го присуството на различни перспективи во политичките институции. Родово-базираното насилство и говор на омраза во дигиталната сфера се засноваат на родовите стереотипи, зајакнувајќи ги традиционалните поими за родовите улоги и норми што го ограничуваат учеството на жените во политиката. Преку онлајн-вознемирување, сексистички коментари и мизогини наративи, жените во политиката често се подложени на понижувачко портретирање, кое ги зајакнува стереотипите за жените како слаби, емотивни или неспособни лидерки. Овие наративи не само што ги дискредитираат политичките достигнувања на жените, туку и ги обесхрабруваат другите жени да влезат во политичката арена, зацврстувајќи ја идејата дека нивното место не е во политиката. На овој начин, дигиталниот простор служи како моќна алатка за перпетуирање на штетните стереотипи и инхибиција на целосното и еднакво учество на жените во политиката.

1 Economist Intelligence Unit. (2020). Measuring the prevalence of online violence against women. Достапно на следниот линк

2 Ibid.

Родово-базираното насилство во политиката најчесто ги таргетира жените не поради нивните политички ставови, туку поради тоа што се жени, со крајна цел да ги спречи да бидат слушнати и активни во јавниот дискурс. Преку родово вознемирување на жените во политиката, кое може да влијае за нивна самоцензура и да придонесе за нивна помала застапеност во јавната сфера, всушност се испраќа порака до сите жени за нивната улога и место во општеството. Иако жртви на политичкото насилство може да бидат и мажите и жените, специфичноста на насилството врз жените во политиката има три различни карактеристики: ги таргетира жените поради нивниот род, во самата форма може да биде родово-базирано, како што е примерот со сексистички закани и сексуално насилство, и ги обесхрабрува жените да бидат политички активни.[3]

Со зголемената употреба на социјалните медиуми како особено важни инструменти за спроведување политички кампањи, тие се претворија во простор каде што онлајн-насилството врз жените во политиката ќе забележи кулминација. Од една страна, социјалните медиуми претставуваат важни алатки за женските кандидатки и политичарки директно да комуницираат со својата изборна единица, надминувајќи ја маргинализацијата и пристрасноста со којашто се соочуваат на традиционалните медиуми, а од друга страна, ги изложуваат на значајни количества сексизам, вознемирување и закани, со штетен ефект врз политичките амбиции на младите жени.[4] Социјалните медиуми значајно влијаат на обликувањето на ставовите за политичките способности на жените и застапеноста на жените, при што зајакнувањето на негативните родови стереотипи на социјалните медиуми неминовно ќе влијае на зајакнување на мизогините ставови за улогата на жената во политиката.

И покрај двојното зголемување на застапеноста на жените во парламентите на глобално ниво, се проценува дека постигнувањето родова еднаквост во законодавните тела би можело да се оствари најрано

3 Hubbard, C. and DeSoi, C. (2016). Votes without violence- A Citizen Observer's Guide to Addressing Violence Against Women in Elections. National Democratic Institute. Достапно на следниот линк

4 Di Meco, L. (2020). Online Threats to Women's Political Participation and The Need for a Multi-Stakeholder, Cohesive Approach to Address Them. UN Women. Достапно на следниот линк

во 2063 година[5], што не ја исклучува и состојбата во Северна Македонија, со оглед на тоа што трендот на учеството на жените на високи политички функции не укажува на некои значајни поместувања во последните неколку години. Дополнително, и медиумското присуство на жените политичарки сè уште е на ниско ниво, па така на парламентарните избори во 2020 година, и покрај тоа што сочинувале 42% од регистрираните кандидати/ки, покриеноста на жените политичарки од страна на медиумите варирала помеѓу 4% и 14%.[6]

Преку анализирање на употребата на родовите стереотипи во новинарските извештаи, оваа анализа има цел да ги идентификува штетните родови наративи и родово-базиран говор на омраза во онлајн-просторот насочени кон жените во политиката, за време на претседателските и парламентарните избори во Северна Македонија во 2024 година. Притоа, анализата опфаќа родово-базирани содржини чија цел се дискредитирање и исклучување на жените политичарки од јавниот дискурс. Крајна цел на анализата е да укаже на тоа како медиумите придонесуваат за креирање и ширење штетни родови наративи за жените во политиката во онлајн-просторот, со цел да се најдат начини тој простор да стане побезбеден за учество на политичарките.

Оваа анализа, со наслов „Политичарките и медиумската пристрасност", е четврта анализа на родово-базирани содржини што ја изработи Институтот за комуникациски студии во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија", што се реализира со поддршка на британската амбасада во Скопје.

5 United Nations Economic and Social Council. (2020). *Commission on the Status of Women - Sixty-fifth session 15–26 March 2021, Women's full and effective participation and decision-making in public life, as well as the elimination of violence, for achieving gender equality and the empowerment of all women and girls.* Достапно на следниот линк

6 ODIHR. (2020). *REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA EARLY PARLIAMENTARY ELECTIONS 15 July 2020, ODIHR Special Election Assessment Mission Final Report.* Достапно на следниот линк

# Методологија

Вклучувајќи анализа на новинарски извештаи објавени на онлајн-медиумите и на интернет-страниците на традиционалните медиуми, како и на коментари на новинарските извештаи на профилите на медиумите на социјалните платформи, ова истражување опфати обработка на студија на случај, со примена на квалитативна анализа на содржини објавени во периодот од март до мај 2024 година, односно од официјалниот рок за доставување на претседателските кандидатури до Државната изборна комисија (ДИК) на 19 март, до вториот круг од претседателските избори на 8 мај, кој се совпадна со парламентарните избори. И покрај тоа што родово-базираните наративи со мизогина конотација и родово-базиран говор на омраза беа присутни многу порано,[7] во почетокот на годината, уште во првите моменти кога започна да се шпекулира во јавноста со имињата на можните кандидатки, оваа анализа се фокусираше на наративите што произлегоа со официјалното кандидирање на жените за претседателската функција, како и за претставнички во Собранието на Република Северна Македонија.

Примерокот што беше анализиран се состои од 14.000 новинарски извештаи објавени онлајн и 4.183 објави со вкупно 20.761 коментар на новинарски извештаи на профилите на медиумите на социјалните платформи, односно на Фејсбук, Инстаграм, Тикток и Јутјуб.

Притоа, беа анализирани сите новинарски извештаи што вклучуваат родово-базирани елементи, односно во кои се појавуваат теми поврзани со политичарките, родовата еднаквост, родово-базирана дискриминација и говор на омраза кон политичарките, како и родово-базирано насилство.

7 Види повеќе на: Кандидатките се жигосуваат зашто се жени

Родово-базираните содржини се анализирани преку неколку специфични аспекти:

- Употреба на родови стереотипи[8]
- Употреба на сензационалистички јазик[9]
- Употреба на сексистички говор и говор на омраза[10]
- Употреба на родови дезинформации[11]
- Промоција на култура на родово-базирано насилство[12]
- Вклучување на критички осврт и поширок контекст во новинарските извештаи.

8 Родовите стереотипи претставуваат генерализирано гледиште или предрасуди за атрибутите или карактеристиките или за улогите што ги поседуваат или треба да ги поседуваат или да ги извршуваат жените и мажите. (Gender stereotyping | OHCHR)

9 UУпотреба на јазик што има цел да предизвика сензација, да предизвика голем интерес или да шокира, дури и со искривување на фактите.

10 Сексистичкиот говор ги перпетуира дискриминацијата или предрасудите врз основа на родот, додека говорот на омраза поттикнува насилство или непријателство кон поединци или групи врз основа на нивниот род и родов идентитет.

11 Родовите дезинформации се однесуваат на активности (создавање, споделување, ширење содржини) со кои се напаѓаат или се поткопува угледот на луѓето врз основа на нивниот род и ги злоупотребуваат родовите стереотипи за промовирање политички, социјални или економски цели. (ENGENDERING HATE | Demos)

12 Културата на родово-базирано насилство се однесува на општествените норми, ставови и практики што го перпетуираат, одобруваат, а на тој начин и го нормализираат насилството врз поединци врз основа на нивниот род.

# Родовата еднаквост во македонската политика

Уште со појавата на првите шпекулации со имињата на можните кандидати и кандидатки за овогодишните претседателски избори во Северна Македонија, се забележа и нивно исмејување и говор на омраза во онлајн-просторот, но она што беше особено впечатливо кога се работи за жените кандидатки е родовиот контекст на овие навреди.[13] Општествените очекувања и традиционалните родови улоги, кои сѐ уште се исклучително патријархални во нашето општество, влијаат на обликување на перцепциите за жените во лидерски улоги, како во политиката, а родово-базираното насилство на кое тие често се жртви во онлајн-просторот укажува на тоа дека сѐ уште се перципираат како исклучок во јавниот дискурс. Онлајн-нападите со родов контекст претставуваат деструктивна алатка што може да се користи на различни начини во текот на изборниот циклус со цел да ги одврати жените да учествуваат како кандидатки, гласачки, претставнички на изборите, набљудувачки или активистки.[14] Оттука, од особена важност е известувањето на медиумите за време на изборните процеси да не придонесува за креирање и ширење родово-штетни наративи. Според хетеронормативноста и патријархалните вредности, жените се премногу емотивни или ментално нестабилни за лидерство, треба да му дадат приоритет на семејството пред кариерата и мора да се придржуваат до конвенционалните стандарди за женственост во изгледот и однесувањето. Женските лидерки често се неправедно критикувани дека се или премногу меки или премногу агресивни, односно се критикувани применувајќи двојни стандарди. Ваквите предрасуди не само што ја продолжуваат родовата нееднаквост, туку и ги спречуваат способните жени целосно да придонесат во политичкиот живот. И неодамнешниот извештај на ООН-жени (UN Women)[15] нагласува

13 Види повеќе на: Кандидатките се жигосуваат зашто се жени

14 Hubbard, C. and DeSoi, C. (2016). Votes without violence - A Citizen Observer's Guide to Addressing Violence Against Women in Elections. National Democratic Institute. Достапно на следниот линк

15 Women in power in 2023: New data shows progress but wide regional gaps

дека жените на лидерски позиции сè уште се соочуваат со значително недоволна застапеност и насилство, и онлајн и офлајн, што вклучува лични напади насочени кон нивното ментално здравје и стабилност.

Во 2022 година, индексот на родова еднаквост во Северна Македонија изнесува 64,5 поени од максималните 100, со напредок од 2,5 поени споредено со 2019 година. Со ова темпо на земјата ќе ѝ бидат потребни околу 57 години за да постигне родова еднаквост во сите области[16]. Повеќе национални и меѓународни[17] извештаи ги детектираат најголемите проблеми во имплементацијата на политиките што би ја доближиле земјата кон остварување родова еднаквост. Дополнително, во изминативе неколку години тематиките поврзани со родовата еднаквост се под сериозна закана на антиродовите движења, чие делување во основа е оспорување на таканаречената „родова идеологија" и кое како основна алатка ги користи социјалните медиуми, пред сè преку креирање и ширење родови дезинформации, со кои најчесто се таргетирани политичарките и активистките.[18] Со цел да се разбере положбата на жените во политиката, мора да се гледа низ интерсекциска перспектива, односно колку структурните нееднаквости, системската дискриминација и засиленото делување на антиродовите движења ги ограничуваат правата и слободите на жените генерално, а со тоа и влезот во политиката.

Законската регулатива и Уставот на РСМ формално имаат улога да ја афирмираат родовата еднаквост во земјата. Политиките и заложбите за родова еднаквост во Северна Македонија датираат уште пред терминот „родова еднаквост" да стане дел од законската регулатива. Првата Стратегија за родова еднаквост за периодот 2013-2020 беше донесена во 2013 година, врз основа на член 9, став 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, додека во 2022 година беше усвоена актуелната Стратегија за периодот 2022-2027. Меѓутоа, и покрај формалните заложби, родовата еднаквост, особено во текот на изминатата година, ја разводни политичката волја за нејзино унапредување, пред сè преку ретерирањето од донесување на новиот Закон за родова еднаквост.

16 Gender Equality Index for North Macedonia (2022) | Publications | UN Women – Europe and Central Asia

17 1 Индекс на родовата еднаквост во Северна Македонија 2022

18 Види повеќе во: Јовановска, Б. и Јовановска Кануркова, Ј. (2023). Анализа на родово-базирани содржини: Родовата еднаквост во време на родови дезинформации. ИКС. Достапно на следниот линк

Првичниот состав на парламентот по одржувањето на парламентарните избори од 8 мај 2024 година има само 38 жени (31,6%). Во претходната влада, жени беа на само 4 од 20-те министерски позиции (20%), а на само 2,5% од градоначалничките позиции се жени. Она што е значајно да се напомене е дека и покрај загарантираните квоти во Изборниот законик за 40% женско претставништво во парламентот, потребни се системски реформи што би влијаеле врз културата на нормализирање на политичкото насилство кон жените. Прирачникот за родова еднаквост и зајакнување 2020[19] истакнува дека жените се подобро претставени само во институциите во кои се применува родовата квота, како парламентот и советите на општинско ниво.

Заклучоците од набљудувањето на ОДИХР на претседателските и парламентарните избори во 2024 година упатуваат на недоволна застапеност на различни избрани и именувани позиции, во комбинација со случаите на притисоци и онлајн-напади врз политичарки, што значи и недоволни напори на властите и политичките партии да се справат со трајните родови стереотипи што го попречуваат учеството на жените во политиката.[20] Според ОДИХР, содржините на кампањите на социјалните мрежи вклучуваа видеа, фотографии, описи на средби и говори, додека, пак, при најголемите интеракции помеѓу 21 март и 8 мај 2024, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ имаше највисоко ниво на онлајн-ангажман (753.082 интеракции), следен од претседателскиот кандидат поддржан од ВРЕДИ (300.467 интеракции) и претседателскиот кандидат поддржан од СДСМ (283.002 интеракции)[21]. Она што го забележа извештајот на ОДИХР, а беше потврдено и во текот на оваа анализа, е дека прашањата поврзани со родовата еднаквост во голема мера беа занемарени во дискурсот на кампањата, со исклучок на претседателската кандидатка поддржана од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Во повеќето други настани, референциите поврзани со жените се однесуваа на нивните улоги во рамките на семејството, на тој начин одразувајќи ги долгогодишните родови стереотипи и дискриминација на нетрадиционалните семејства.

19 Родовата еднаквост е важна

20 ОДИХР. (2024). Парламентарни избори и втор круг на претседателски избори, 8 мај 2024 година-ПРЕЛИМИНАРНИ ЗАКЛУЧОЦИ. Достапно на следниот линк

21 Ibid

Во контекст на оваа анализа значајно е да се посочи и улогата што медиумите и социјалните мрежи ја имаат во репродуцирањето на нееднаквоста. Традиционалните медиуми во Северна Македонија се регулирани со Законот за медиумите и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.[22] Иако овие закони не ги покриваат онлајн-медиумите, постојат други закони што ги регулираат, како Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, и Законот за заштита на лични податоци. Во моментов нема регулација на социјалните медиуми што создава вакуум каде што говорот на омраза и штетните содржини може да се шират.[23].„Насоките за етичко известување на онлајн-медиумите"[24] посочуваат дека медиумите не треба да прикриваат важни информации што би можеле да влијаат на разбирањето на содржината од страна на читателите. Премолчувањето факти што можат значајно да влијаат врз формирањето став е исто како намерно искривување на реалноста и создавање дезинформации. Медиумите треба да ги проверуваат тврдењата на политичките субјекти или други извори за да помогнат публиката да ги разликува фактите од шпекулациите, особено при важни и актуелни теми.

22 Јовановска, Б. и Јовановска Кануркова, Ј. (2023). Анализа на родово-базирани содржини: Родовата еднаквост во време на родови дезинформации. ИКС. Достапно на следниот линк

23 Ibid.

24 СЕММ. (2021). Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите. Достапно на следниот линк

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ:

# Родово-базирани наративи за време на кампањите за претседателските и парламентарните избори во 2024 година

## Поднесување кандидатури за претседателските избори

На 19 март 2024 година беше последниот рок за поднесување на кандидатурите за претседателските избори до Државната изборна комисија (ДИК), при што најголем дел од медиумите пренесуваат информации за поднесените кандидатури и партиите што ги поддржуваат кандидатките и кандидатите, како и неофицијални информации за кандидатските листи за парламентарните избори.

Само еден новинарски извештај го пренесува гостувањето на министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска на Тера ТВ со наслов **Костадиновска-Стојчевска: Се трудам да го заштитам моето семејство од партиски ботови, како жена политичарка сум повеќе на удар**,[25] во кое таа зборува за дискриминацијата со која се соочува како жена во политиката наспроти нејзините колеги, изјавувајќи дека:

25 Костадиновска-Стојчевска: Се трудам да го заштитам моето семејство од партиски ботови, како жена политичарка сум повеќе на удар – Centar.mk

„ Најчестите прашања не беа за што ќе се залагам како министерка, туку прашања за приватниот живот. Во едно интервју возвратив дали им ги поставуваат тие прашања и на моите машки колеги, и рекоа – не, не“,

како и дека има корисници на социјалните мрежи што злоупотребуваат фотографии од нејзините деца, но дека сите напади само ѝ го зацврстуваат карактерот. Воедно, во дваесетина новинарски извештаи се пренесуваат и изјави од нејзиното гостување на ТВ Клан, меѓутоа само три од извештаите ја пренесуваат изјавата во која таа вели дека во рамките на СДСМ

„ најпрво се залагаме за зачувување на тој принцип на машко-женско или подеднаква застапеност на жените на листи. Тоа од претходните парламентарни избори премина во една реторика што е носител и коносител, односно со таа застапеност се опфаќа малку поголем регион. Што значи, покрај принципот на машко-женско, ќе имаме и нешто што се нарекува носител и коносител за секоја изборна единица.[26]

И покрај тоа што најголем дел од медиумите ги пренесуваа јавните настапи на министерката, сепак во само околу 20% од нив се пренесуваат изјави што се однесуваат на прашањето на родовата еднаквост.

Само една објава ја пренесува изјавата на активистката Ирена Цветковиќ, во однос на активноста на жените во политиката, велејќи дека

„ За жал, жените политичарки што ѝ се посветени на родовата еднаквост, во последните години се соочени и беа мета не само на говор на омраза, туку и на повици за насилство кон нив. Тие се силни жени и можат да ги издржат овие удари, но она што е опасно е што ниту една идна политичарка и млада жена што сака да влезе во политиката нема да сака да се занимава со овие прашања. Имаме пет пратенички во

26 Костадиновска Стојчевска: Конечните листи за кандидати на пратеници ќе бидат познати во сабота на Конгресот на СДСМ | Press24

Собранието што секојдневно беа на тапет, со повици да се силуваат, да се полеваат со катран или да се убијат на плоштад затоа што го поддржале внесувањето на Законот за родова еднаквост во Собранието.[27]

Во педесетина новинарски извештаи во наредните неколку дена се објавуваат информации за отворањето предмет од Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) за набавката на хеликоптери од Министерството за одбрана, во кои се споменува актуелната министерка Славјанка Петровска. Новинарските извештаи поврзани со овој случај покрај другото, ја пренесуваат реакцијата на Александар Николоски од ВМРО-ДПМНЕ во врска со случајот, кого министерката го повикува на дуел. Дополнително, новинарските извештаи ја пренесуваат реакцијата на Јована Тренчевска од СДСМ на обвиненијата од министерот за труд и социјална политика Ѓоко Велковски за незаконски исплати на социјална помош. Истовремено, петнаесет медиуми имаат објави во врска со прес-конференција на СДСМ на која пратеничката Лидија Тасевска ја повикува кандидатката за претседател Гордана Силјановска-Давкова да им се извини на пензионерите за навредите со кои ги споредувала со „Мапет шоу". Седум медиуми известуваат за гостувањето на Марија Митева од ВМРО-ДПМНЕ во вестите на ТВ Алсат-М, каде што изјавува дека **Силјановска е супериорна во однос на другите кандидати.**[28]

Она што е забележливо е дека новинарските извештаи сувопарно ги пренесуваат информациите и изјавите по редоследот како што се појавуваат, без притоа да дадат некаков критички осврт или поширока анализа.

Од 20 март започнуваат меѓусебни обвинувања за претседателските кандидати, при што во фокусот е начинот на кој биле собрани потписите за Силјановска-Давкова. Во очекување на потврдување на кандидатурите од страна на ДИК, медиумите во следните неколку дена

27 Цветковиќ: Пет пратенички секојдневно беа на тапет, со повици да се силуваат и да се полеваат со катран оти го поддржале внесувањето на Законот за родова еднаквост во Собранието - МАКТЕЛ

28 Портпаролката на ВМРО-ДПМНЕ: Силјановска е супериорна во однос на останатите кандидати - Слободен печат

објавуваат различни коментари за кандидатурите и официјални и неофицијални информации за кандидати/ки и носители/ки на листите за парламентарните избори, вклучувајќи ги Сања Лукаревска од СДСМ, Моника Зајкова од ЛДП и Весна Бендевска од ЗНАМ.

На 21 март еден новинарски извештај пренесува изјави на политичкиот аналитичар Александар Ристевски со наслов **Силјановска-Давкова ќе биде мајка на нацијата: На овие избори ќе се поправи историската грешка од пред пет години.**[29] Десетина медиуми пренесуваат изјави на Мирјана Најчевска од Твоја партија со коментари за црната листа на САД.

Дваесетина новинарски извештаи го пренесуваат гостувањето на министерката Петровска на ТВ Сител со фокус на набавката на хеликоптери, но само еден во кој изјавува дека:

> „Сум подготвена и имам капацитет да бидам носител на листа доколку се одлучи тоа. Имам капацитет и можам да бидам и еден од кандидатите на листата подолу."[30]

Десет извештаи ја пренесуваат изјавата на НСДП дека Силјановска станала жртва на пропагандата на ВМРО-ДПМНЕ[31] поради начинот на кој партијата ги обезбедила потписите за нејзината кандидатура.

Речиси сите медиуми на 21 март ја пренесуваат информацијата дека кандидатот за претседател Бујар Османи не ги повикал на ифтар кандидатката за претседателка Билјана Ванковска и кандидатот за претседател Стевчо Јакимовски, при што се пренесува сензационализам, особено во насловите, како на пример: **„Ванковска доби корпа од Османи, а таа му ја даде на Пендаровски!"**[32]

29 Силјановска Давкова ќе биде мајка на нацијата: На овие избори ќе се поправи историската грешка од пред пет години – ТВ Алфа

30 Петровска: Имам капацитет да бидам носител на листа, но подготвена сум и воопшто да се најдам на нив, органите на СДСМ ќе ја донесат одлуката - 360 степени

31 НСДП: Независната кандидатка за претседателка на државата Силјановска Давкова стана зависна од ВМРО-ДПМНЕ – Фокус

32 Ванковска доби корпа од Османи, а таа му ја даде на Пендаровски!

Од друга страна, само десетина медиуми го споделуваат учеството на заменик-претседателот на Владата Бојан Маричиќ на панел-дискусијата „Жени во органи на управување-зајакнати органи на управување, зајакнат деловен сектор, зајакнато општество“ со наслови како **„Битката за родова еднаквост не е само женска борба, тоа е колективен потфат“**.[33] Дополнително, само исто толку новинарски извештаи се однесуваат на конференцијата со наслов „Успешни жени за успешен регион“, пренесувајќи ги изјавите на Фатмир Битиќи од СДСМ, кој изјавува дека:

> Мораме да ги препознаеме придонесите на жените и да преземаме чекори за обезбедување нивно целосно учество во процесите на носење одлуки. Ова не е прашање на дозвола, туку на правда и на еднаквост. Талентот и потенцијалот неправедно се занемаруваат и се дискриминираат“,[34]

како и на Славица Грковска од СДСМ дека

> Жените соочени со бариери се помотивирани во борбата за подобро општество“. [35]

И покрај тоа што поддршката на потенцијалот на жените е од особена важност за време на предизборните кампањи, сепак фокусот на новинарските извештаи во голема мера е насочен кон други политички теми.

33 Маричиќ: Битката за родова еднаквост не е само женска борба, тоа е колективен потфат | Press24

34 Конференција во Скопје: Во трката за рамноправност жените се натпреваруваат со врзани нозе | Meta.mk

35 Грковска: Жените соочени со бариери се помотивирани во борбата за подобро општество - МКД.МК

## Објавување на кандидатските листи за парламентарните избори

Во наредните неколку дена во новинарските извештаи започнуваат да се објавуваат информации за кандидатските листи за парламентарните избори, како и програмите на партиите.

Три медиуми објавуваат дека поранешната пратеничка Снежана Калевска-Ванчева ја нема на кандидатските листи на СДСМ, при што извештаите навидум немаат некаква посебна цел, ниту пак даваат некаков контекст.

На 24 март повеќе новинарски извештаи го пренесуваат изборот на Маја Морачанин од ДОМ за кандидатка на парламентарните избори, притоа во некои од насловите, но и во текстот на извештаите, станува видлива неупотребата или неконзистентната употреба на феминативи, како, на пример, во насловот **„ЦО на ДОМ ја избра Морачанин за кандидат за пратеник“**.[36] Еден медиум објавува новинарски извештај со родово-стереотипен наслов **„СДСМ на парламентарните избори во 5-ка ќе трча со три дами од Охрид“**.[37]

На 25 март во фокусот на медиумските објави е утврдувањето на редоследот на гласачкото ливче за претседателските избори од ДИК. Во меѓувреме, во новинарските извештаи се пренесуваат гостувања на претставнички на партиите, нивно учество на јавни настани, претставување проекти итн. Така, на пример, градоначалничката на Скопје Данела Арсовска промовира проекти и акции во градот, министерката Костадиновска Стојчевска промовира културни проекти, министерката Петровска е на четиригодишнината од членството во НАТО итн.

36 „ЦО на ДОМ ја избра Морачанин за кандидат за пратеник“

37 СДСМ на парламентарните избори во 5-ка ќе трча со три дами од Охрид - OhridNews

На 27 март десет новинарски извештаи го пренесуваат учеството на Костадиновска Стојчевска на панел-дискусијата „Предизвиците на говорот на омраза: Еманципација и еднаквост на жените во политиката", со наслови како на пример **„Само гласни и обединети ќе се спротивставиме на говорот на омраза и родово насилство“**.[38]

Во различни новинарски извештаи на 29 март се објавуваат изјави од интервју на Зајкова за Слободен печат, како **„Зајкова: Законот за родова еднаквост треба да обезбеди еднакви можности меѓу мажите и жените“**[39], при што различни медиуми ставаат фокус на различни делови од интервјуто. Дел се сензационалистички и сугерираат негативен контекст преку кој би можеле да ја испровоцираат публиката, како на пример со насловот **„За Зајкова ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА И ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА КАНАБИС НЕ ЗНАЧЕЛО ДЕКА ЌЕ ИМА ЗАВИСНИЦИ“.**[40]

Триесетина медиуми ја пренесуваат информацијата дека Петровска ја добила тужбата за клевета против Драган Ковачки од ВМРО-ДПМНЕ. Еден новинарски извештај со наслов **„Славјанка блесна во црвено комплетче на средба со турски производители на воена опрема“**[41] пренесува официјална средба на министерката за одбрана, при што фокусот е ставен единствено на облеката на министерката.

Ваквите објави, особено кога станува збор за политичарките на високи позиции, придонесува за понатамошно објективизирање на женското тело и дефокус од клучните политички прашања.

38 Костадиновска-Стојчевска: Само гласни и обединети ќе се спротивставиме на говорот на омраза и родово насилство – Утрински весник

39 Зајкова: Законот за родова еднаквост треба да обезбеди еднакви можности меѓу мажите и жените - 24info.mk

40 За Зајкова ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА И ЛЕГАЛИЗАЦИЈА НА КАНАБИС НЕ ЗНАЧЕЛО ДЕКА ЌЕ ИМА ЗАВИСНИЦИ

41 Славјанка блесна во црвено комплетче на средба со турски производители на воена опрема - Expres.mk

На 30 март неколку новинарски извештаи ја пренесуваат изјавата на Дафина Стојаноска од ВМРО-ДПМНЕ како носителка на листа, која вели дека:

> Како припадничка на пол што многу добро знае што значи болка, товар и неправда, кој знае да се справи со секое изненадување и кој знае да плаче од среќа, но и да се смее кога е најтешко, во мое име, во име на сите жени и во име на мојата изборна единица, изразувам огромна почит за претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски.“[42]

Истиот ден, осум медиуми известуваат за учеството на Тренчевска на последниот настан на кампањата „Гласна и храбра 2“, која има цел охрабрување на жените и поттикнување на нивно поголемо вклучување на пазарот на трудот.[43]

Слободен печат објавува анализа **„Само седум жени се носителки на пратенички листи“**.[44] Само еден новинарски извештај пренесува објава од медиумот Телеграфи со наслов **„Ниту една Албанка не предводи пратеничка листа“**,[45] во кој ја цитира активистката Нафије Селмани дека:

> Албанските политички партии не го сфатија сериозно учеството на жената во политичкиот живот и во исто време не се доволно свесни дека самите политички партии имаат корист кога жените учествуваат во изборните процеси, се дел од законодавната институција, но имаат и раководни позиции. Учеството на жените не треба да се гледа од димензијата на исполнување на законската обврска, туку активно учество во политичкиот живот преку артикулирање на барањата на половина од населението во државата“.

42 Стојаноска: Ги повикувам сите граѓани да го дадат својот глас за своја, за твоја Македонија - Канал 5

43 Тренчевска: Заедно, да направиме нашите гласови да се слушнат, нашите соништа да се реализираат - 24info.mk

44 Само седум жени се носителки на пратенички листи - Слободен печат

45 Ниту една Албанка не предводи пратеничка листа - Expres.mk

Во овој контекст, на 9 април само еден медиум објавува интервју со Имерлие Салиу, кандидатка за пратеничка од Вреди, со наслов **„Ќе добие ли Собранието прва пратеничка со шамија?“**[46]

Прашањата поврзани со учеството на жените во политиката, особено од помалите заедници, не се од интерес за медиумите, и покрај тоа што етничките прашања се прилично застапени во новинарските извештаи за предизборната кампања.

2 април е последниот ден за поднесување на пратеничките листи до ДИК. Само еден новинарски извештај го пренесува гостувањето на Санела Шкријељ од СДСМ во Слободен печат со наслов **„Мојата битка не е со другите жени, туку битка за сите жени“**.[47] Се појавуваат и неколку објави во кои се вели дека **„Ванковска се прокламира како атеистка, а неформалната кампања ја почнува од манастири“**,[48] кои се објавени без автор и со коментирање изјави на социјалните медиуми напишани од страна на Ванковска.

## Почеток на кампањата за претседателските избори

Официјалниот почеток на изборната кампања за претседателските избори е на 4 април. Само четири извештаи го пренесуваат почетокот на кампањата „Заокружи НЕ за насилство врз жените во политиката“.[49]

Во новинарскиот извештај со наслов **„Која е Гордана Силјановска Давкова – главен фаворит за претседател на Македонија?“**[50] кандидатката се претставува исклучиво преку употреба на именки во машки род, односно како:

46 Ќе добие ли Собранието прва пратеничка со шамија? - Слободен печат

47 Шкријељ: Мојата битка не е со другите жени, туку битка за сите жени - Слободен печат

48 Ванковска се прокламира како атеистка, а неформалната кампања ја почнува од манастири – Утрински весник

49 Телевизија 24: Почнува кампањата „Заокружи НЕ за насилство врз жените во политиката“

50 Која е Гордана Силјановска Давкова – главен фаворит за претседател на Македонија? – Радио Лидер

„Експерт за уставно право и професор на правниот факултет „Јустинијан Први“, активен пратеник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, жесток критичар на националните предавства и жесток борец за правда. Вака накратко може да се опише Гордана Силјановска Давкова, кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за претседател.“

Две медиумски објави некритички ја пренесуваат колумната на Ѓорги Танушев, советник и претседател на комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Струмица, со наслов **„Има само мажи, жени и добар кеш“**,[51] во која се споделуваат родови дезинформации за активистки и политичарки што се залагаат за родова еднаквост и правата на ЛГБТИ+-заедницата. Авторот преку неаргументирани и навредувачки информации во текстот прави поврзување на залагањето за родова еднаквост, вклучително и новиот Закон за родова еднаквост, исклучиво заради лични придобивки на политичарките, како и „нивните донатори“, кои

„великодушно ‘ветуваат’ разни работи на организации што ќе промовираат ‘целосна родова еднаквост’ за жените, но веројатно тоа се однесува само за оние ‘жени што се родени со пениси’, а нападите кон т.н. цис жени се само за теренска медиумска пропаганда.“

Во два извештаи се објавува изјавата на **„Кандидатка за пратеничка од ДУИ: Толку сме спремни што може да раководиме и со НАСА“**[52], меѓутоа воопшто не се споменува нејзиното име. Еден новинарски извештај со наслов **„ВАНКОВСКА НЕОДАМНА СТАНА БАБА ПО ВТОРПАТ Мајка е на три успешни ќерки“**[53] го пренесува гостувањето на Ванковска на Канал 77, меѓутоа фокусот на објавата е единствено на нејзината улога во семејството.

51 Има само мажи, жени и добар кеш

52 Кандидатка за пратеничка од ДУИ: Толку сме спремни што може да раководиме и со НАСА - TV21.mk

53 ВАНКОВСКА НЕОДАМНА СТАНА БАБА ПО ВТОРПАТ Мајка е на три успешни ќерки – plusinfo.mk

На 7 април десетина новинарски извештаи ја пренесуваат веста за јавната поддршка на Ванковска од европратеничката Клер Дејли, а во само еден извештај интервјуто во КОД со Роберт Скот Хејзлет од НДИ со наслов **„Пет жени политичарки под постојан напад на социјалните мрежи“**.[54]

И покрај тоа што новинарските извештаи ги пренесуваат јавните настапи на Силјановска Давкова, сепак само мал дел од нив ги пренесуваат изјавите што се однесуваат на вклучувањето на жените во политиката. Така на пример, во само една објава со наслов **„ЌЕ ЈА АФИРМИРАМ ПОТРЕБАТА ОД ПОВЕЌЕ ЖЕНИ НА КЛУЧНИТЕ ФУНКЦИИ, ПОРАЧА СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА ОД КАВАДАРЦИ“**[55] се пренесува изјавата на кандидатката, која вели:

> „Гледам повеќе жени овде. И уште еднаш сите вас да ве запрашам, и мажите, колку е логично 30 години да не сме имале жена претседателка, да не сме имале жена премиерка, да не сме имале жена претседателка на Собранието. Запомнете, ние не сме суетни суштества, ние само сакаме да ѝ помогнеме на Македонија повторно да биде горда, со своето знаење, со својот ум, со својата креација, со својата посветеност. Не откажувајте се од половина од популацијата.“

Во само четири објави од митингот во Битола со наслов **„И политиката е од женски род, со жена претседател македонските жени ќе станат поуспешни“**[56] и **„НА МАЖИТЕ ЌЕ ИМ УКАЖАМ ДЕКА СЕ ОТКАЖУВААТ ОД МНОГУ УМ КОГА ВЕЛАТ ДЕКА ВО ПОЛИТИКА НЕ СЕ ВЛЕГУВА СО КВОТИ“**[57] се пренесуваат заложбите за правата на жената, со изјавата дека:

54 КОД: Пет жени политичарки под постојан напад на социјалните мрежи, интервју со Роберт Скот Хејзлет (НДИ) - telma.com.mk

55 Ќе ја афирмирам потребата од повеќе жени на клучните функции, порача Силјановска-Давкова од Кавадарци

56 Сиљановска-Давкова: И политиката е од женски род, со жена претседател македонските жени ќе станат поуспешни - МКД.МК

57 „НА МАЖИТЕ ЌЕ ИМ УКАЖАМ ДЕКА СЕ ОТКАЖУВААТ ОД МНОГУ УМ КОГА ВЕЛАТ ДЕКА ВО ПОЛИТИКА НЕ СЕ ВЛЕГУВА СО КВОТИ“

> Ако Македонија добие жена претседателка, жените ќе се идентификуваат со неа, и ќе бидат не само во семејството, туку поуспешни на работа, па и во политиката, оти, и политиката е од женски род.“

Во пет новинарски извештаи на 10 април се пренесува изјавата на кандидатот за претседател Стево Пендаровски со наслов **„Мицкоски да ѝ набави ци-пи-ес на Силјановска, му порача Пендаровски“**.[58] Притоа, авторите на извештаите само ја пренесуваат изјавата и воопшто не се осврнуваат критички на дискриминацијата во неа. Три новинарски извештаи се однесуваат на **„Мизогинија и дискриминаторски јазик: Пендаровски се обиде да го поткопа кредибилитетот и квалификациите на Силјановска Давкова врз основа на нејзиниот пол и возраст“**[59], меѓутоа се од непознат автор. Дополнително, во текстот се цитираат објави на социјални медиуми на експерти и активисти за родова еднаквост, но не е наведено за кои експерти се работи, а воедно се појавува и речиси ист извештај со наслов **„АНАЛИЗА: Мизогинските напади на Пендаровски врз Силјановска Давкова се манифестација на тоталитаризам“**.[60]

Во десетина објави со речиси ист наслов **„Николоски: Тренчевска зема дебели пари од фондацијата Сорос за да застапува родова еднаквост“**[61] се пренесуваат изјавите на Александар Николоски од ВМРО-ДПМНЕ во кои зборува за Тренчевска како онаа

> што нашите деца сака да ги учи дека немало разлика дали се машки или женски, дека немало родители, туку имало родител 1 и родител 2, и води некаквиси таканаречени родови политики за коишто земаат дебели пари од фондацијата Сорос.“

58 Мицкоски да ѝ набави ци-пи-ес на Силјановска, му порача Пендаровски – Фокус

59 Мизогинија и дискриминаторски јазик: Пендаровски се обиде да го поткопа кредибилитетот и квалификациите на Силјановска Давкова врз основа на нејзиниот пол и возраст – Радио Лидер

60 „АНАЛИЗА: Мизогинските напади на Пендаровски врз Силјановска Давкова се манифестација на тоталитаризам“

61 Николоски: Тренчевска зема дебели пари од фондацијата Сорос за да застапува родова еднаквост - Канал

Притоа, ниту еден од медиумите не дава критички осврт, ниту ја преиспитува веродостојноста на овие изјави.

На 11 април еден медиум објавува новинарски извештај со наслов **„Кои се потенцијалните први дами и прв господин на Македонија?“**[62], во кој се употребуваат родови стереотипи, наведувајќи дека:

> Со доделувањето на функцијата претседател на држава, доаѓа и титулата наменета за животниот сопатник на претседателот, за припадничките на понежниот пол Прва дама (First lady), а пак Прв господин (First gentleman) за припадниците на посилниот пол.“

Во повеќе од 10 новинарски извештаи се пренесува изјавата на претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, упатена до претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, со наслови како **„Не ја кандидирав тетка ми Жана за претседател на држава, па да морам да ја шетам по цела Македонија“**,[63] кој вели дека:

> како што ја шетаа нивната кандидатка Данела Арсовска на локалните избори, сега така ја шетаат нивната кандидатка за претседател ширум Македонија“.

Притоа, ниту еден медиум не ја оспорува оваа дискриминирачка реторика на Ковачевски. Напротив, следуваат десетина објави со реакцијата на Мицкоски како **„Подобро тетка ти Жана да ја кандидираше, би била подобар кандидат за претседател од поданик на ДУИ, Стево Пендаровски“**.[64]

Три новинарски извештаи ги пренесуваат изјавите на Ѓорѓи Спасов за **„Идеите на Гордана и Билјана: Двете кандидатки ќе ѝ ја врателе на Македонија гордоста, а на нацијата достоинството. Тие**

62 Кои се потенцијалните први дами и прв господин на Македонија? – Фокус

63 Ковачевски до Мицкоски: Не ја кандидирав тетка ми Жана за претседател на држава, па да морам да ја шетам по цела Македонија – Утрински Весник

64 Мицкоски до Ковачевски: Подобро тетка ти Жана да ја кандидираше, би била подобар кандидат за претседател од поданик на ДУИ, Стево Пендаровски – Курир

**популистички слогани може да ја однесат државата назад сто чекори“**[65], во кои се таргетирани единствено жените кандидатки со доза инфериорност во однос на нивните капацитети.

Во само три новинарски извештаи од митингот во Карпош на Силјановска Давкова се споменува политичката вклученост на жените, како **„Повеќе жени да се занимаваат со политика, Македонија не смее да се откаже од 50 проценти ум, знаење, креација, посветеност“**[66] и во само неколку објави од митингот во Прилеп **„Ќе се залагам АРМ секогаш да ги исполнува НАТО-стандардите и да вклучува повеќе жени“**.[67] И покрај тоа што речиси сите медиуми ги пренесуваат заложбите на кандидатите/ките на јавните настапи, сепак тие најчесто се ограничени на претседателот на партијата и/или на теми што се во фокусот, како уставни измени, Преспанскиот договор и сл.

Десетина новинарски извештаи ја објавуваат реакцијата на ВМРО-ДПМНЕ во врска со **„Брутални навреди за кандидатката за претседател Гордана Силјановска – Давкова на митингот на СДСМ во Куманово“**[68], при што следуваат неколку објави со осуда од страна на ЛДП за навредите кон Силјановска Давкова. Меѓутоа, некои медиуми одбираат да употребуваат сензационалистички наслови на своите извештаи, како **„ИЗБИРАМЕ ПРЕТСЕДАТЕЛКА, А ‘НЕВЕСТА’ САМИ СИ БИРАТЕ“ Активист на СДСМ ја навреди Силјановска Давкова, Пендаровски и Кузеска не го осудија говорот на омраза“**.[69]

65 Идеите на Гордана и Билјана: Двете кандидатки ќе ѝ ја врателе на Македонија гордоста, а на нацијата достоинството. Тие популистички слогани може да ја однесат државата назад сто чекори - МАКТЕЛ

66 Силјановска Давкова: Повеќе жени да се занимаваат со политика, Македонија не смее да се откаже од 50 проценти ум, знаење, креација, посветеност – Курир

67 Силјановска -Давкова: Ќе се залагам АРМ секогаш да ги исполнува НАТО-стандардите и да вклучува повеќе жени | Press24

68 Брутални навреди за кандидатката за претседател Гордана Силјановска – Давкова на митингот на СДСМ во Куманово – ТВ Алфа

69 „ИЗБИРАМЕ ПРЕТСЕДАТЕЛКА, А ‘НЕВЕСТА’ САМИ СИ БИРАТЕ“ Активист на СДСМ ја навреди Силјановска Давкова, Пендаровски и Кузеска не го осудија говорот на омраза – plusinfo.mk

На 15 април Фронтлајн објавува анализа **„Жените на парламентарните и локалните избори во Македонија досега“**,[70] која претставува една од ретките анализи од овој вид за време на изборната кампања, што повторно укажува на непостоењето интерес кај медиумите за прашањата за родова еднаквост.

Во дваесетина медиуми се пренесува обраќањето на премиерот Талат Џафери на Меѓународниот форум за жени, мир и безбедност што се одржува во Приштина, Република Косово, во кое вели дека **„Северна Македонија е пример во регионот за имплементирање на родова рамноправност“**.[71]

Интервјуто на Гласот на Америка со Ванковска е пример за добар избор на наслов: **„Билјана Ванковска: Ако јас го изодам овој пат, без разлика на резултатот, тоа ќе охрабри многу млади жени што чекорат зад мене“.**[72] Меѓутоа, во наративот што треба да ги охрабри жените, Ванковска се дистанцира од феминизмот и таканаречената „женска агенда“, на која според неа инсистира Силјановска Давкова.

Само два новинарски извештаи ја пренесуваат информацијата за одржување регионална конференцијата на темата **„Жените во процесите на донесување на одлуки како елемент на демократијата организирана од Форумот на жените на Коалицијата ВЛЕН во Скопје одржа регионална конференција“**.[73]

70 Колку жени биле номинирани и колку биле избрани на парламентарните и локалните избори досега? - frontline.mk

71 Џафери: Северна Македонија е пример во регионот за имплементирање на родова рамноправност - 24info.mk

72 Билјана Ванковска: Ако јас го изодам овој пат, без разлика на резултатот, тоа ќе охрабри многу млади жени што чекорат зад мене

73 Форумот на жените на Коалицијата ВЛЕН во Скопје одржа регионална конференција - Канал 5

## Почеток на кампањата за парламентарните избори

На 18 април официјално започнува кампањата за парламентарните избори, при што голем дел од новинарските извештаи ги пренесуваат информациите во врска со кампањата и изборниот процес. Истиот ден се објавуваат неколку новинарски извештаи за **„ДИСКРИМИНАЦИЈА, СЕКСИЗАМ, НАВРЕДИ И ГОВОР НА ОМРАЗА ОД ПЕНДАРОВСКИ Силјановска Давкова со нова претставка поради омаловажувањата од таборот на противкандидатот“**[74], по што следуваат извештаи во кои се вели дека **„Откако Силјановска поднесе претставка за говор на омраза против Пендаровски, сега и тој поднесува претставка против Силјановска“**.[75]

На 21 април само шест медиуми објавуваат новинарски извештаи, од кои еден со наслов **„Ај девојче оди купи си нешто убаво, не те бива за политика“ – и во изборната кампања кандидатките се соочуваат со говор на омраза, сексистички коментари и навреди“**[76], во врска со настанот на НДИ за направената анализа на коментари оставени под постови на Фејсбук на неколку кандидатки за пратенички на изборите, кои вклучуваат сексизам, повици за насилство (смртни закани) и друго вознемирување за физичкиот изглед, религијата или етничката припадност на кандидатките, од кои 71% (2.388 коментари) се насочени кон само пет политичарки. Веќе следниот ден Слободен печат објавува анализа со наслов **„Ни збор од институциите за говорот на омраза во кампањата“**[77], во која, меѓу другото, ја цитира Силјановска Давкова, која вели дека:

> Објективизација и потчинетост на мене како жена се забележува во говорот на кандидатот на митингот на СДСМ. Дискриминација врз основа на пол, возраст и сексизам.“

74 ДИСКРИМИНАЦИЈА, СЕКСИЗАМ, НАВРЕДИ И ГОВОР НА ОМРАЗА ОД ПЕНДАРОВСКИ Силјановска Давкова со нова претставка поради омаловажувањата од таборот на противкандидатот – plusinfo.mk

75 Откако Силјановска поднесе претставка за говор на омраза против Пендаровски, сега и тој поднесува претставка против Силјановска | skopjeinfo.mk

76 „Ај девојче оди купи си нешто убаво, не те бива за политика“ - и во изборната кампања кандидатките се соочуваат со говор на омраза, сексистички коментари и навреди - Либертас

77 Ни збор од институциите за говорот на омраза во кампањата - Слободен печат

Истовремено, во една од ретките анализи на претседателските кандидатки и кандидати, која ја објавува Гласот на Америка, се споменува заложбата на Силјановска Давкова за формирање „Центар за извонредност за жени, мир и безбедност“[78], што не може да се забележи како податок во другите медиумски објави.

И покрај тоа што некои медиуми успеваат да го вметнат прашањето на родовата еднаквост во своите извештаи, сепак интересот на најголем дел медиуми за пренесување на овие објави континуирано е незначаен.

## Прв круг на претседателските избори

На 24 април се одржува првиот круг од претседателските избори, при што новинарските извештаи се фокусирани на текот на изборниот процес и излезноста. Меѓутоа, во еден извештај со наслов **„КАНДИДАТКИТЕ ЗА ПРВА ДАМА ГЛАСАА Во каков стајлинг се покажаа на гласачките места?“**[79] се коментира стајлингот на сопругите на претседателските кандидати на гласачките места, преку родово стереотипизирање и прикажување на жените исклучиво преку нивниот надворешен изглед, што дополнително го потврдува фактот што не се коментира изгледот на партнерите на двете кандидатки за претседателка на државата. Дополнително, во една објава, покрај изгледот на жените на политичарите, се коментира изгледот на претседателските кандидатки: **„Лежерен изглед и сигурни комбинации: Како се облекоа жените на политичарите и претседателските кандидатки за изборниот ден?“**[80]

78 Две жени, петмина мажи: Седум визии за подобра иднина за македонските граѓани – портрети на претседателските кандидати

79 КАНДИДАТКИТЕ ЗА ПРВА ДАМА ГЛАСАА Во каков стајлинг се покажаа на гласачките места? – plusinfo.mk

80 Лежерен изглед и сигурни комбинации: Како се облекоа жените на политичарите и претседателските кандидатки за изборниот ден?

Дваесетина извештаи го пренесуваат говорот на Силјановска Давкова по повод нејзиното водство во првиот круг од претседателските избори, при што само два извештаи имаат наслов **„Сиљановска-Давкова: Жените беа мојата инспирација, нема да се однесуваме ние како мажите низ историјата“**,[81] додека во другите само кратко се споменува делот од говорот во кој вели дека е посебно:

> горда со жените во Македонија, без оглед на каква било припадност, мислам дека е време за идентификација на жена со жена без оглед на која идеологија ѝ припаѓа“.

Она што во повеќе наврати е видливо во голем дел од новинарските извештаи е неупотребата на феминативи, како на пример во *„истакна кандидатот за претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска Давкова“*.[82] Во еден новинарски извештај со наслов **„Македонија на чекор до прва жена претседател“**[83] текстот воопшто не се осврнува на контекстот и/или значењето на насловот, туку единствено се анализира бројот на добиените гласови во првиот круг на изборите.

## Продолжување на кампањите

На 27 април се одбележува годишнината од нападот во Собранието и оттука наративот во новинарските извештаи започнува да се фокусира на изјавите во врска со можната амнестија за учесниците во настанот, како и заплашувањата со враќање на „режимот“.

На 29 април Призма објавува анализа на темата **„Врвот на листите резервиран за мажите“**,[84] во која се вели дека иако се големи шансите Македонија да добие прва жена претседател, партиите потфрлија со родовата еднаквост на изборните листи. Дополнително, два медиуми го објавуваат извештајот со наслов **„Контраспин: ‘Некаквите т.н. родови**

81 Сиљановска-Давкова: Жените беа мојата инспирација, нема да се однесуваме ние како мажите низ историјата

82 Пример за неупотреба на феминативи

83 Македонија на чекор до прва жена претседател

84 Врвот на листите резервиран за мажите - Призма

**политики' се меѓународни стандарди за основни човекови права“**[85], во кој се анализираат дезинформациите изнесени од Николоски во врска со родовите прашања, како политиката на воведување родител 1 и родител 2 и поврзаноста на родовите политики на Тренчевска со Сорос. Меѓутоа другите медиуми повторно не се интересираат за овие податоци.

Во новинарските извештаи за дебатата на 1 мај на Телма помеѓу Силјановска Давкова и Пендаровски, само два извештаи ги пренесуваат ставовите на кандидатката и кандидатот за теми поврзани со родовата еднаквост и правата на ЛГБТИ+-лицата, односно дека поддржуваат легализација на истополовите бракови или партнерства, почитувајќи ја слободата на секој да живее со кого сака, како и апсолутната поддршка на Силјановска Давкова на правото на абортус.

На 2 мај дел од медиумите сензационалистички пренесуваат статуси на Ванковска од социјалните мрежи, како на пример преку насловот **„ГОГА НЕМА ХРАБРОСТ НИ РЕШИТЕЛНОСТ ДА ПОКРЕНЕ ПОСТАПКА НИ ПРОТИВ БУГАРСКИОТ НИ ПРОТИВ ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР“: Ванковска била загрижена заради Силјановска“**.[86] Истовремено, се појавуваат неколку новинарски извештаи со несоодветни и сензационалистички наслови како **„СТАНИ ЦАЦИ“ СЕ ИЗГУБИ: Скандалозна изјава за масакрот врз бранителите кај Вејце, веднаш доби одговор“**[87] и **„СТОЈАНЧЕ ЈА ПОДБРА ЦАЦИ, а изјавата ѝ ја нарече несериозна и неодговорна“**[88], во кои се пренесува статус на социјалните медиуми на Стојанче Ангелов упатен кон министерката Петровска. Самото именување на министерката преку прекар и фокусот во насловот кон обидот за дисциплинирање од машка личност е насочувачки пристап на известувањето за овој настан, со кој се перпетуираат традиционалните родови улоги.

85 Контраспин: „Некаквите т.н. родови политики“ се меѓународни стандарди за основни човекови права - МАКТЕЛ

86 „ГОГА НЕМА ХРАБРОСТ НИ РЕШИТЕЛНОСТ ДА ПОКРЕНЕ ПОСТАПКА НИ ПРОТИВ БУГАРСКИОТ НИ ПРОТИВ ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР“: Ванковска била загрижена заради Силјановска

87 „СТАНИ ЦАЦИ“ СЕ ИЗГУБИ: Скандалозна изјава за масакрот врз бранителите кај Вејце, веднаш доби одговор – Denesen.mk

88 СТОЈАНЧЕ ЈА ПОДБРА ЦАЦИ, а изјавата ѝ ја нарече несериозна и неодговорна

Во само неколку новинарски извештаи со наслов **„Родител 1 и родител 2 постојат само во манипулативните умови на ВМРО-ДПМНЕ, вели Тренчевска“**[89] без никаков контекст, само се пренесува демантот на Тренчевска во врска со изјавите на Николоски. Со оглед на тоа што во процесот на креирање и ширење на родовите дезинформации[90] една од темите се токму нејаснотиите поврзани со концептот родител 1-2, известувањата на овие теми потребно е да вклучат поширок контекст и критички осврт на пренесените тврдења.

На 6 мај се објавуваат новинарски извештаи со општи информации за изборите и изборниот процес. Десетина медиуми споделуваат новинарски извештаи со наслов **„Силјановска: Доаѓа времето на жените, време е за машка еманципација“[91] и „ЖЕНИТЕ ИМААТ ШТО ДА ПОКАЖАТ, ИМААТ ВУЛКАНСКА СИЛА! Силјановска Давкова смета дека е срамота што 30 години не сме имале претседателка или премиерка“**[92] со заложбите на Силјановска Давкова за повеќе жени во политиката и за поголеми гаранции за помалку насилство. Истовремено, Вечер објавува новинарски извештај со наслов **„НЕВИДЕНА ЗАВИСТ И ЉУБОМОРА НА ВАНКОВСКА: Вреска и повикува - не гласајте за Сиљановска!“,**[93] во кој се навредува Ванковска, нејзиниот гест се нарекува *малограѓански* и *примитивен* за универзитетска професорка бидејќи повикува да не се гласа за Силјановска Давкова, при што преку сензационализам фокусот е ставен на емоциите на политичарката, што е родово-стереотипизирачка практика.

89 Родител 1 и родител 2 постојат само во манипулативните умови на ВМРО-ДПМНЕ, вели Тренчевска - 360 степени

90 Види повеќе во: Јовановска Б. и Јовановска Кануркова К. (2023). Анализа на родово-базирани содржини: Родовата еднаквост во време на родови дезинформации. ИКС.

91 Силјановска: Доаѓа времето на жените, време е за машка еманципација - telma.com.mk

92 ЖЕНИТЕ ИМААТ ШТО ДА ПОКАЖАТ, ИМААТ ВУЛКАНСКА СИЛА! Силјановска Давкова смета дека е срамота што 30 години не сме имале претседателка или премиерка – plusinfo.mk

93 НЕВИДЕНА ЗАВИСТ И ЉУБОМОРА НА ВАНКОВСКА: Вреска и повикува - не гласајте за Сиљановска!

## Коментарите на социјалните медиуми

Со преклопувањето на парламентарните и претседателските избори, интензитетот и интересот и на медиумите и на граѓаните се префрли на социјалните платформи. Она што се појавува во коментарите на социјалните медиуми се сексизмот[94], ејџизмот[95] и мизогиниот пристап кон политичарките, особено кандидатките за претседателки. Сензационалистичкото известување што е присутно во новинарските извештаи креираше плодна почва за негативните коментари и навреди, кои пак влијаат за зацврстување на родовите стереотипи и обесхрабрување на жените да се вклучат во политичките процеси.










94 СЕКСИЗАМ - верување дека едниот од половите е инфериорен, помалку способен и помалку вреден од другиот (на пр. изразување на ставот дека жените не се способни да се занимаваат со политика). Потекнува од англискиот збор „sex“, кој значи пол. Овој термин ги опфаќа и мизогинијата - омраза кон жените, како и мизандријата - омраза кон мажите.

95 ЕЈЏИЗАМ (анг. ageism) е терминот со кој се објаснува длабоката непријатност што ја чувствуваат младите или средовечните - лична одбивност - кон стареењето, болестите, попреченоста, стравот од немоќта и смртта. Заштитата на оваа основа ги покрива не само лицата што колоквијално се сметани за млади или за постари, туку кое било лице што потенцијално претрпело недозволен, нееднаков третман поради возраста со која тоа лице се поврзува. (ОСНОВИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА)

Идентитетите на политичарките беа напаѓани од повеќе аспекти, почнувајќи од изгледот, облеката, возраста, па сè до нивната брачна состојба и претставување на нивниот идентитет преку нивните партнери. Без разлика на разновидноста на навредите, генералните наративи беа предводени од хетеронормативните очекувања за жените во јавниот живот, политиката и македонското општество, кои го поткопуваат женскиот авторитет. Споменувањата на жените низ коментарите на социјалните мрежи се фокусира на нивните улоги во семејството, што ги одразува долгогодишните родови стереотипи. Нападите и обидите за дисциплинирање на начинот на кој се однесуваат политичарките, нивната облека и тела, не само што ја нарушуваат нивната репутација и кредибилитет, туку и создаваат непријателска средина, која ги одвраќа жените од активно учество во политичките процеси[96].







96 Жените сè уште не се добредојдени во политиката | Институт за комуникациски студии

[redacted]

Gospoga Davkova za predsedatel( stara koka dobra juha) Za tatkovinata so nea napred!

---

Top fan

[redacted]

U p[redacted] m[redacted] i dvajcata..... davkova da ne se gleda vo ogledalo...covekoliki majmun e

3w Like Reply

---

[redacted]

Babata ke ni stane nevesta dali ke ostane TRUDNA NA OVIE GODINI SAKA DA VODI DRZAVA BRE NAROD ONA NE ZNAESE OD KADE I E SFEKRVATA RODENA A KOMO DA ZNAE KOJ JA MAKEDONIJA KEJA PRESTAVI KAJO MAKEDONIJA DALI BUGARIJA ILI GRCIJAKE JA KORISTI KAKO MAK3... **See more**

4w Like Reply 2

---

[redacted]

Žena fez moral i golema korupcija... Gubi se od MAKEDONIJA GNASO EDNA..

10w Like Reply

[redacted]

Žena zmija so zmiski otrov

---

[redacted] · 33:13

Zenava ne e za predsedatel,narod bira ama greska na vmro.Ovaa e stara komunisticka garda.I Saka paricki,stancinja i frisopcinja.Za Vmro ke glasam ama za ovaa ne.

4w Like Reply

---

[redacted] · Follow

Pogano zeniste ova u dusa

10w Like Reply

Иако родово-базираното насилство е интерсекциско и политичарките беа таргетирани поради нивните изјави или присуство, може да се забележи одредена унифицираност во нападите. Така, на пример, во нападите кон политичарките Мирјана Најчевска, Билјана Ванковска и Гордана Силјановска Давкова преовладуваа три наративи: напади кон нивната возраст со користењето на зборовите бабо и бабиште, навреди кон нивната ментална стабилност и повици за насилство.






Жените во политиката генерално често се соочуваат со напади насочени кон нивната ментална стабилност, како резултат на родовите предрасуди за нивниот кредибилитет и авторитет. Изминативе години ваквите дискредитирања резултираа со негативни последици[97] кон поранешната министерка за одбрана Славјанка Петровска[98]. Воспоставениот наратив на навреди кон министерката Петровска и од медиумите и од политичките противници се пренесе и на социјалните мрежи, како на пример за време на гостувањето на Славјанка Петровска и Дафина Стојаноска во емисијата „Само вистина“ на ТВ Канал 5.










97 Славјанка Петровска: Етикетирањата на жените водат кон насилство – ПРИКАЗна

98 Што открива цело психијатриско вештачење: И семејна трагедија стана оружје за напад врз министерката за одбрана! – Фокус

Овој вид вознемирување има цел да ги дискредитира жените преку зајакнување на родовите стереотипи, според кои тие се премногу емотивни или ментално нестабилни за да имаат позиции на моќ. Во многу од коментарите овие напади беа директно поврзани со самото тоа што се жени, но и се преплетуваа со напади кон возраста на кандидатките. Навредите кон политичарките немаа поврзаност со конкретните настани што беа тема на новинарските извештаи.






Критиките за физичкиот изглед и облеката на политичарките често се користени како алатка за одвлекување на вниманието од нивните способности и достигнувања, што дополнително ја зајакнува родовата нееднаквост. Освен коментари во обид за дискредитација на политичарките (слика 1 и 2), беа користени и форми на дигитално насилство со злоупотреба на визуелна содржина, каде што преку манипулации на достапни фотографии на политичарките се ставаат во друг контекст. Иако не беше детектирана слика во сексуализирана конотација, беа креирани фотографии во објективизирачка перспектива и неповолни положби или исполнети со дезинформации. Во еден од примерите, споделена е фотографија на поранешната хрватска претседателка Колинда Грабар Китаровиќ[99] во костим за капење, споредувајќи ја со Сиљановска Давкова.




Слика 1 и 2



99 Grbeša, M, Gutgold, ND & Bebić, D 2024, 'Online discrimination in Croatia: The case of the 'serial hugger' Kolinda Grabar-Kitarović', Nova Prisutnost, vol. 22, no. 1, pp. 73-92

Негативни коментари и навреди имаше кон повеќето политичарки, како на пример Јована Тренчевска, Маја Морачанин, Санела Шкријељ, Мирјана Најчевска, Јована Мојсоска, Сања Лукаревска, Данела Арсовска, Билјана Ванковска, Гордана Силјановска Давкова, Моника Зајкова и други.

**Кон Маја Морачанин**




**Кон Мирјана Најчевска**




**Кон Билјана Ванковска**




**Кон Јована Мојсовска**




**Кон Моника Зајкова**



Анализата покажа дека кога медиумите директно укажале за сексистички навреди, и во коментарите на социјалните мрежи имало критики кон сексизмот. Станува збор за митингот во Куманово на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски, кога поддржувач на СДСМ ја навреди Силјановска Давкова, а медиумите ја пренесоа оваа вест[100]. На социјалните медиуми се забележа голема поддршка кон Силјановска Давкова, иако и тогаш имаше навреди кон претседателскиот кандидат Стево Пендаровски за неговата задоцнета реакција кон партискиот поддржувач.







100 Сексистички навреди кон Силјановска на митингот на Пендаровски во Куманово. Поддржувач на Пендаровски на микрофон пред присутните искажа навреди кон Силјановска Давкова што се однесуваат на нејзината возраст. На ова немаше реакција од кандидатот, ниту од модераторот Богданка Кузеска. Линкови од објавите: Сексистички навреди кон Силјановска на митингот на Пендаровски во Куманово (Instagram - Facebook)

Се забележа и дека најмногу интеракција помеѓу коментаторите, а со тоа и зголемен интензитет на говор на омраза и родово-базирани навреди, има на социјалните медиуми кога се прави пренос на дебатни емисии во живо со претставници и претставнички на различни политички партии. Исто така, во недостиг од родово-сензитивен јазик во медиумите се создава дополнителен простор и платформа за граѓаните и граѓанките да ја продолжат практиката на некористење феминативи, па дури и страв доколку ги користат[101].







Модерирање на коментарите на социјалните мрежи од страна на медиумите не се забележува како тренд или практика. Напротив, за време на анализата на овој извештај повеќето коментари со говор на омраза и навреди сè уште беа јавно достапни. За отвореноста за политичка критика значајно е граѓанките и граѓаните да чувствуваат дека можат да го изразат своето мислење, но во моментот кога тоа мислење прераснува во говор на омраза, дискриминација и навреди, се губи критичната политичка култура со фер и достоинствена комуникација.

101 Кој се плаши од феминативи?

# Завршна дискусија

Од особена важност за оваа анализа на родово-базирани содржини е што, и покрај големиот број новинарски извештаи што беа анализирани, **родовиот наратив е значително малку застапен**, односно во околу 60 од анализираните новинарски извештаи, пред сè како директен резултат на неговата ниска застапеност и во реториката на говорниците/чките. Меѓутоа, дури и во случаите кога се третираат, **голем дел од медиумите не ги вклучуваат изјавите за родовите прашања во своите новинарски извештаи**. Само четири медиуми објавуваат новинарски извештаи во кои се анализираат теми како вклученоста на жените на изборите, особено жените од различни етнички заедници, што укажува на ниската свест на голем дел од медиумите за важноста на теми поврзани со родовата еднаквост. Родово-базирани содржини со негативна конотација беа евидентирани во околу 70 новинарски извештаи, од кои повеќе од половина се однесуваа на перпетуирање родови стереотипи, пред сè поврзани со традиционалните родови улоги и изгледот на жените, а помал дел на родово-базирана дискриминација и навреди, како и родови дезинформации. Ова укажува дека **самото присуство на жените во медиумите може да биде доволна основа за нивно стереотипизирање и дискриминација**, што единствено може да се надмине со поголема застапеност на жените во медиумите, сè додека не се нормализира нивната улога во јавната сфера.

Главните наративи во новинарските извештаи во периодот за кој беше спроведена оваа анализа во фокусот ги имаат европската интеграција, членството во НАТО, Преспанскиот договор, Договорот со Бугарија и уставните измени, како и меѓусебни обвинувања за криминал и корупција, заплашување со режими наспроти изолација, како и етнички тензии. Ова истражување воедно потврдува дека и покрај тоа што поголем дел од медиумите ги пренесуваат заложбите на кандидатите/ките на претседателските и парламентарните избори дадени на јавните настапи, сепак **тие најчесто се ограничени на претседателот на партијата и/или на споменатите наративи**.

Најголем дел од извештаите се сведуваат на сувопарно пренесување изјави на кандидатките и кандидатите, односно партиските лидери, со што медиумите се **сведуваат само на пренесувачи на „сервирани факти“**. Во новинарските извештаи не се навлегува подлабоко во содржината на пренесените изјави, ниту пак се ставаат во некаков поширок контекст, а воедно не се дава критички осврт за нив. Дополнително проблематично е што во **голем дел од новинарските извештаи не е назначен авторот/ката и/или не е наведен изворот од каде што е преземен извештајот**, при што многу често не може да се утврди кој е оригиналниот извор, а оттука и евентуална одговорност за напишаното.

Без разлика на наративот што е во фокусот, во новинарските извештаи често се употребува **сензационалистички јазик, особено во насловите**, што може да придонесе за површно донесување заклучоци од публиката. Дополнително, во дел од овие наслови **се забележува родово-стереотипно прикажување на жените**, како и во текстовите на извештаите. Со прикажување на политичарките преку нивната улога во семејството или нивниот изглед, како и со некритичко пренесување на родово-дискриминирачки изјави од други политичари/ки, значајно се **придонесува за зајакнување на родовите улоги и одржување на мизогините ставови за улогата на жената во јавната сфера, како и на родовата нееднаквост во општеството генерално**.

Во голем дел од новинарските извештаи **ретко и/или неконзистентно се користи родово-сензитивен јазик**, што е особено видливо преку употребата на феминативите во анализираните извештаи. **Во голем дел од извештаите, вклучително и во насловите, воопшто не се користат професии и титули во женски род**, дури и кога се однесуваат конкретно на женски лица, додека во дел од извештаите се забележува неконзистентност во употребата на феминативите во рамките на самиот текст, односно во некои реченици се употребуваат, во некои не, што дава впечаток на невнимателност во креирањето на содржината.

Според **највпечатливите наративи што беа идентификувани во коментарите на социјалните медиуми, како сексизмот, мизогинијата и ејџизмот**, дигиталниот свет сѐ уште останува небезбеден простор за женското присуство, а уште повеќе за политичарките. Како што и медиумите придонесуваат, коментарите само потврдуваат дека постои родово-несензитивен пристап и двојни стандарди за политичарките. Во дигиталниот простор не само што се одржува **културата на нормализирање на родово-базираното насилство**, туку и културата на неказнивост, како резултат на нерегулација на коментарите од страна на медиумите, потпалување на граѓаните преку сензационалистички наслови, како и објективизирање на жените во политиката, преку родово стереотипизирање и дефокус од нивната работа. Загрижувачкиот момент е тоа што **постои поддршка на навредливиот говор од страна на други коментатори**, и иако ретко, се забележува и критика кон таквиот наратив, што е важно да се забележи за потенцијалот на дигитална солидарност кон политичарките.

Како резултат на наративот во новинарските извештаи, **публиката ја продолжува практиката на медиумите на некористење феминативи, како и поврзувањето на жените со традиционалните родови улоги во семејството**. Три наративи преовладуваа во таргетирањето: напади кон нивната возраст, навреди кон нивната ментална стабилност и повици за насилство. Во однос на навредите, се забележува постоење на ботови, кои повторуваат коментари на повеќе места.

Покрај тоа што претходните анализи на родово-базирани медиумски содржини на ИКС во своите препораки ја нагласуваат важноста на регулирањето на коментарите на социјалните мрежи од медиумите, тоа не се забележува како тренд или практика. Напротив, за време на анализата на овој извештај **повеќето коментари со говор на омраза и навреди сѐ уште се јавно достапни**.

# Заклучни согледувања

Анализата на родово-базираните содржини во новинарските извештаи што беа објавени во медиумскиот онлајн-простор за време на предизборниот период нè води до неколку клучни согледувања:

- **Медиумите генерално немаат интерес за креирање и објавување новинарски извештаи што вклучуваат родови прашања, особено во периоди кога родовиот наратив е во сенка на други политички теми.** Оттука, од особена важност е да се работи на подигнување на свеста кај новинарите/ките, но и уредниците/чките, за потребата од креирање медиумски простор за теми поврзани со родовата еднаквост и учество на жените во јавниот дискурс.
- **Потребно е новинарките и новинарите да употребуваат родово-сензитивен јазик во новинарските извештаи**, особено преку употреба на феминативи кога се реферира на професии и титули што се однесуваат на жени.
- Не придржувајќи се до насоките за етичко известување на онлајн-медиумите, **медиумите не се доволно транспарентни во однос на авторството на новинарските извештаи, како и назначувањето на изворите во новинарските извештаи**. Дополнително, во извештаите не се прави проверка на тврдењата што се пренесуваат, ниту има критички осврт на пренесените изјави. Во таа насока, потребно е медиумите да се придржуваат до насоките за етичко известување, преку проверка на информациите, назначување на авторството и/или изворот, со цел тие да можат да се проверат од публиката, како и за носење одговорност за напишаното.
- **Медиумите треба да прават критички осврт на дискриминирачката реторика, преиспитувајќи ја веродостојноста на таквите изјави, како и да избегнуваат родово стереотипизирање** и прикажување на жените исклучиво преку нивниот надворешен изглед, особено кога станува збор за политичарките на високи позиции, што придонесува за нивно понатамошно објективизирање и дефокус од клучните политички прашања.

- Потребно е **медиумите да се насочат кон создавање содржини со кои ќе им се спротивставуваат на родовите стереотипи и родово-базираниот говор на омраза.**
- **Сензационалистичкиот јазик во насловите на новинарските извештаи сè уште е широко употребуван од страна на новинарите/ките**, кои мора да бидат внимателни во формулирањето на насловите, особено кога станува збор за сензитивна проблематика, бидејќи тоа може да влијае на површно донесување заклучоци од публиката.
- И покрај тоа што во новинарските извештаи многу ретко беше присутен родово- базираниот говор на омраза, сепак **зголеменото присуство на жените во медиумите, како за време на предизборната кампања, влијае на зголемување на мизогините коментари, но и дигитално насилство со злоупотреба на визуелна содржина на социјалните медиуми.** Ова укажува дека самото присуство на жените во медиумите може да биде доволна основа за нивно стереотипизирање и дискриминација, што единствено може да се надмине со поголема застапеност на жените, како и на прашањата поврзани со родовата еднаквост во медиумите, сè до нивно нормализирање во јавниот дискурс.
- Потребно е **медиумите да креираат и да споделуваат информации за зголемување на медиумската писменост на јавноста**, вклучително за различните техники на креирање и ширење на родовите дезинформации, како што се ботовите.
- Голем дел од **медиумите сè уште немаат политика на регулирање на содржините на коментарите на нивните објави**, преку прикривање или бришење содржини со родови дезинформации, говор на омраза, навреди и други штетни содржини. Во оваа насока, потребно е да се воспостават интерни политики и лица одговорни за регулирање на коментарите со негативни содржини, со цел да се спречи нивно понатамошно ширење.

Институт за комуникациски студии

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на британската влада.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти